**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализацијата на Програмата за процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011 – 2014, за 2013 година**

**Декември, 2014**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## СОДРЖИНА


I. ПРЕДГОВОР 3

II. ВОВЕД 4

III. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ 5

1) Борба против сиромаштијата и социјалната исклученост 6

2) Модернизирање на пазарите на труд 8

3) Употреба на ресурсите и унапредување на енергетската ефикасност 11

4) Подобрување на деловното опкружување, особено за малите и средни претпријатија 12

5) Користење на придобивките од единствениот дигитален пазар, за домаќинствата и деловните субјекти 14

IV. ОСТВАРЕН НАПРЕДОК И ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ 15

1) Правна и институционална рамка за пренесување на надлежности и ресурси 15

2) Фискална децентрализација 17

3) Подобра испорака на локалните услуги 19

4) Развој на административните капацитети на единиците на локалната самоуправа 23

5) Локална демократска пракса и учество на граѓаните во одлучувањето на локално ниво 25

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# I. ПРЕДГОВОР

Повеќе од десетина години еден од врвните приорити на Владата на Република Македонија е спроведувањето на интензивен процес на децентрализација и развој на одржлив систем на локална самоуправа. Во тој период се поставени основите на системот на локална самоуправа и беше извршен интензивен процес на пренесување на надлежности и ресурси.

Поаѓајќи од потребата за ваков стратешки пристап Владата на Република Македонија ги усвои Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа за периодот 2011-2014 (во натамошниот текст: Програма[1]) и Акцискиот план за нејзина реализација за периодот 2012-2014 година[2].

Програмата е петтиот по ред среднорочен плански документ посветен на развојот на децентрализираната власт во Република Македонија, од 1999 година до денес.

Главна цел на Програмата е промоција на осмислен и сеопфатен одржлив локален раст, преку координирано спроведување на локалните развојни политики со оние на национално ниво. Специфичните цели се фокусирани, пред сè на:

- натамошно спроведување на процесот на децентрализација во рамките на целосно воспоставената законска и институционална рамка за локална самоуправа, со одговорни и развиени општини; и
- остварување на сеопфатен и оддржлив локален развој како основен предуслов за создавање на економски посилни, развојно ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа.

Следењето на реализацијата на Програмата и нејзиниот Акциски план го врши Владата на Република Македонија преку усвојување на годишните и завршниот извештај за реализација на Програмата. Извештајот треба да послужи и за информирање на пошироката јавност и релевантните меѓународни организации за постојната состојба во областа на локалната самоуправа во Република Македонија.

Поаѓајќи од фактот дека во рамките на ЕУ локалните власти се препознаени како клучни актери за реализација на целокупната агенда за раст на ЕУ до 2020 година, извештаите се подготвени на начин кој ја покажува поврзаноста на имплементираните политики со остварувањето на целите зацртани во Стратегијата Европа 2020.

[1]Заклучок бр.51-4434/1 од 13.09.2011 година
[2]Заклучок бр.41-4167/1 од 21.05.2012 година

## II. ВОВЕД

Ова е вториот годишен извештај за реализацијата на Програмата, изготвен врз основа на Методологијата за следење на нејзината реализација.[3]

Во извештајот се содржани сеопфатни информации за напредокот на политиките за остварување на главната и специфичните цели на Програмата во 2013 година, конкретни податоци за реализацијата на одделните активности/проекти од Акцискиот план на Програмата и перспективите за надминување на констатираните проблеми.

Основен извор на податоците за изработка на овој извештај се:

- Информациите доставени во периодот октомври-ноември 2014 година од мрежата на контакт-лица номинирани од институции надлежни за имплементација на активностите/проектите од Акцискиот план
- Наодите од истражувањето за задоволството на граѓаните од функционирањето на локалните власти[4],
- Наодите од четирите тематски тркалезни маси, одржани во текот на декември 2014 година, на кои претставници на национални институции, членовите на Работната група за деценрализација, претставници на ЗЕЛС, НВО и домашни и странски експерти, дебатираа за мерките на локален развој и добро локално владеење во Република Македонија, во наредниот петгодишен период
- Извештајот за фискалната децентрализација за 2013 година, на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините
- Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2013 година
- Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2013 година
- Годишниот извештај за податоците од Регистерот на државни службеници за 2013 година[5]
- Годишниот извештај за податоците од Регистерот на јавните службеници за 2013 година[6]

---

[3] Заклучок бр.41-8014/1; 41-8378/1 од 12.11.2012

[4] Истражувањето е спроведено во периодот од 3 до 17 ноември 2014, со директни, лице-во-лице интервјуа во домот на испитаникот, со користење на CAPI (Computer Assisted Personal Interview) техника на собирање на податоци. Целната група беше општата јавност на возраст од 18 и повеќе години. Анкетата е спроведена на примерок од 1.000 испитаници, кој е национално репрезентативен по возраст, пол, етничка припадност, место на живеење, и регион.

[5] Регистерот претставува единствена база на податоци за државните службеници, што го води Министерството за информатичко општество

[6] Регистерот претставува единствена база на податоци за јавните службеници, што го води Министерството за информатичко општество

- Информацијата за активности од страна на ЗЕЛС поврзани со градење на капацитетитена државните и јавни службеници вработени во општините,во текот на 2013 година

Во него не се опфатени податоците за реализацијата на инфраструктурните проекти поврзани со надлежностите на општините, финансирани преку Буџетот на Република Македонија.

Сите активности поврзани со подготовката на овој извештајот ги организираше и административно ги поддржа Секторот за одржлив развој на локалната самоуправа при Министерството за локална самоуправа.

## III. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Постигнатите резултати од реализираните активности се прикажани подолу, групирани во согласност со стратешките документи на Европската унија поврзани со остварувањето на приоритетите на Стратегијата „Европа 2020“, во следните 5 групи[7]:

1. Борба против сиромаштијата и социјалната исклученост
2. Модернизирање на пазарите на работна сила
3. Подобрување на деловното опкружување, особено замалите и средни претпријатија (конкурентност)
4. Употреба на ресурсите и унапредување на енергетската ефикасност
5. Користење на придобивките од единствениот дигитален пазар, за домаќинствата и деловните субјекти

### 1. Борба против сиромаштијата и социјалната исклученост

Од вкупно реализираните проекти/активности во 2013 година 66% се однесуваат на борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост. Со проектите се постигнати следниве резултати:

- Вкупните приходи на општините во 2013 година се на приближно исто ниво како и во 2012 година;
- Учеството на приходите на општините во БДП за 2013 година изнесува 5,88% што е за 3,99 % повеќе од учеството во 2005 година (кога започна фискалната децентрализација);

[7] Во однос на Извештајот за реализацијата на Програмата во 2012 година, во овој Извештај нема информации за реализирани активности во групата на активности: „Поттикнување на перформансите на системите за образование“

- Учеството на приходите во основниот буџет на општините е задржано на исто ниво во однос на учеството во 2012 година;
- Даночните приходи се на исто ниво споредено со 2012 година;
- Зголемен е процентот на дотациите од Буџетот на Република Македонија за 3% во однос на 2012 година;
- Зголемен е процентот на приходите од данокот на додадена вредност за 0,5 %[8];
- Вкупните приходи во однос на 2012 година забележаа пораст на учеството на:
    - даноците на имот од 2%
    - кредитите за финансирање на капитални инвестиции за 2,42%,
    - донациите за 1,2%,
- Обезбедени се атрактивни и поволни кредити за финансирање на капитални проекти во уште 18 општини, во делот на водоснабдувањето и одведувањето на отпадните води, енергетската ефикасност (улично осветлување, изолација на општински објекти и сл.), локалната патна инфраструктура (модернизација и реконструкција на улици и патишта), комуналните услуги (набавка на возила за јавните комунални претпријатија), како и други општински услуги и надлежности;
- Утврдени се критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки, за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица, за дејностите од културата, за средното и основното образование, за 2014 година;
- Утврдени се критериумите за распределба на наменски дотации за: основното образование и за платите и додатоците на платите за вработените во територијалните противпожарни единици, за 2014 година;
- Пропишана е методологијата за распределба на приходите од данокот нadодадена вредност, по општини за 2014 година;
- Допрецизирани се одредбите на Законот за спортот во деловите кои се однесуваат на надлежностите на општините и на постапката за пренесување на правото на сопственост на објектите за спорт од локално значење и начинот на нивното користење и располагање[9];
- Воспоставена е меѓуопштинска соработка помеѓу 4 општини, во областа на финансиите, урбанизмот и комуналните дејности;
- Продолжен епроцесот на формирање на регионалните тела за управување со отпад, во шест плански региони[10]

---

[8] Од 4% во 2012 на 4,5 во 2013 година),

[9] Пренесувањето на сопственоста на објектите се уште не е започнато

[10] Процесот не е започнат во Полошкиот и Југоисточниот плански регион. За формирање на регионалните тела се донесуваат следните одлуки: за склучување на спогодба за здружување за вопоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво; за избор на оперативни (технички) лица во стручните служби на Међуопштинските одбори за управување со отпад; и за избор

- Формирани се советите за управување со речните сливови на реките: Вардар, Црн Дрим, Струмица, Брегалница и Црна Дрима за подрачјето на Преспанско езеро.
- Продолжија активностите за изработка на плановите за управување со речните сливови на реките: Вардар, Црн Дрим, Струмица, Брегалница и Црна Дрима;
- Спроведени се 17 програми за превентивна здравствена заштита од страна на 10-те регионални центри за јавно здравје, во согласност со регионалните приоритети за подобрување на здравјето на населението за 2013 година;
- Отворен е еден дневен центар за стари и возрасни лица (Вевчани), два центри за давање на помош во домашни услови на изнемоштени стари и други возрасни лица (Гази Баба и Велес), три народни кујни за стари и изнемоштени лица во руралните средини (Карбинци, Чешиново и Облешево)[11], еден дневен центар за деца со пречки во менталниот развој (Липково) кој се уште не е целосно ставен во функција), еден транзитен центар за деца на улица (Охрид) кој функционира во текот на летниот период;
- Преадаптирани се слободни училишни простории во детски градинки и центри за ран детски развој во уште 11 селски населби;
- Спроведен е еднократен отпис на долговите за корисниците на социјална парична помош, корисниците на постојана парична помош иневработените подолго од 12 месеци;
- Одржани се тематски семинари и формирани се тематски групи (во Скопје, Струмица и Гостивар) составени од претставници од централната и локалната власт, заради изработка на акциски планови за вработување на ранливите групи;
- Започнаа активности за воведување на концептот на интегритет уште во 15 општини (покрај 9-те кои ја започнаа постапката во 2012 година);
- Одржана е Меѓународната конференција „Улогата на локалната самоуправа во унапредување на безбедноста на сообраќајот на локалните и регионалните патишта“[12]
- Публикуван е „Прирачник за интегритет и судир на интереси“,како алатка за обуки во единиците на локалната самоуправа;
- Подготвена е брошура за соработка и координација на локално ниво за поттикнување на социјалната економија;

---

на претседавачи на Меѓуопштинските одбори за управување со отпад, кои треба да ги донесе секој плански регион

[11] Во 2012 година беа отворени 5 народни кујни во Црник, Конче и Старо Нагоричане, Василево и Градско

[12] Конференцијата е организирана од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија во соработка со Меѓународната организација за безбедност во сообраќајот. На неа се усвоени Препораки за подобрување на безбедноста на сообраќајот на локалните и регионалните патишта во Република Македонија

- Обезбедени се средства за поддршка на локални акциски групи за подготовка на стратегии за локален развој на руралните средини.[13]

## 2. Модернизирање на пазарите на работна сила

Од вкупно реализираните проекти/активности во 2013 година 12% се однесуваат на модернизирањето на пазарите на труд. Со проектите се постигнати следниве резултати:

- Воспоставени се уште два центри за образование на возрасни лица во кои своето стручно образование го дооформиле повеќе од 1000 лица[14];
- Реализирани се генерички обуки рамките на Годишната програма за обуки на Министерството за информатичко општество и администрациј, за 277 вработени во општинската администрација со статус на државни службеници, на пет тематски единици[15];
- Реализирани се специјализирани обуки во рамките на Годишната програма за обуки на ЗЕЛС за 2013, за 2374 вработени во општинската администрација, за 30 тематски единици, од кои дел опфаќаат 14 тематски модули[16];
- Реализирани се специјализирани обуки на тема „Управување со опасен отпад и воспоставување на колективни системи за постапување со отпад од батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема“ наменети за преставници од локалната власт, невладиниот сектор и бизнис заедницата.
- Спроведени се активности од страна на Министерстото за информатичко општествоза ставање на располагање на системот за микроучење на општината Охрид;

## 3. Подобрување наделовното опкружување, особено за малите и средните претпријатија (конкурентност)

Од вкупно реализираните проекти/активности во 2013 година 17% се однесуваат на конкурентноста - подобрувањето на деловното опкружување, особено замалите и

---

[13] Средствата се доделуваат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година - Мерка 413, во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци за поддршка за спроведување на активности од стратегиите за локален рурален развој. Корисници на средствата се единиците на локалната самоуправа со седиште во село.

[14] Покрај постојните во Прилеп и Чаир, формирани се уште центри во Теарце и Арачиново. Лицата се образувале за следните струки: техничари за трговија и маркетинг; машински техничари; техничари за транспорт и шпедиција; електротехничари - енергетичари; електротехничари за компјутерска техникаи автоматика; градежни техничари; келнери и готвачи)

[15] „Управување со човечки ресурси“, „Вовед во е-Влада“, „Примена на Законот за јавни набавки“, „Нема погрешна врата“ „Микроучење“

[16] Урбанизам, право, финансии, човечки ресурси, пожарникарство, односи со јавност, образование, животна средина, локален економски развој, информатичко-комуникациски технологии, сообраќај, енергетска ефикасност, ЕУ интеграции и фондови и јавна чистота.

средните претпријатија. Со реализираните проекти се постигнати следниве резултати:

- Уредено е управувањето со „Геодетско-катастарски информационен систем”, како интегриран и единствен информационен систем во Република Македонија за прибирање, обработка, одржување, управување, користење, дистрибуција, издавање и единствен пристап кон податоците од катастарот на недвижности, кој се води во електронска и/или во писмена форма[17];
- Уредена е постапката за основање, управување и работење со индустриските - зелените зони, дејностите кои се вршат во индустриските -зелените зони, условите за нивно вршење, како и престанокот на работа на индустриската - зелената зона;
- Доуредена е постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ[18];
- Основани се или е започната постапка за основање на уште 6 технолошко-индустриски развојни зони[19];
- Продоложија активностите за поттикнување на одржливиот локален развој преку отстапување на недвижниот имот кој армијата престанала да го користи (касарни или делови од касарни, караули, магацински групи, деловни простории, земјиште), од државата на општините[20];
- Продоложија активностите за подобрување на координацијата во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен развој во Република Македонија, преку подготовка на Физибилити студија закреирање на софтвер, којшто ќе придонесе за подобра и посоодветна распределба на буџетот за рамномерен развој на општините;
- Значително е намален бројот на претставки на граѓаните до Народниот правобранител на Република Македонија,против акти, дејствија или непреземање дејствија од страна на оделенијата за урбанизам и урбанистичките инспектори во единиците на локалната самоуправа;
- Значително е подобрено работењето на општините во делот на администрирањето, евиденцијата на даночните обврзници и репроценката на вредноста на имотот при наплатата на даноците на имот;

[17] Нов Закон за катастар на недвижности(„Службен весник на РМ“ бр.55/13;)
[18] Измена и дополнување на Законот за градежно земјиште
[19] Потпишан е договор за јавно приватно партнерство за ТИРЗ Тетово, оточната е постапка за основање на ТИРЗ Радовиш и ТИРЗ Струга, започна дефинирањето на опфатот за ТИРЗ Берово, ТИРЗ Делчево и ТИРЗ Виница.
[20] Отстапено земјиштезарадиреализацијанаДУП во Градот Скопје - Карпош, Деловен простор, објекти и земјиште на општина Штип, Деловен простор на општините: Прилеп, Гостивар, Стар Дојран и Велес.

### 4. Подобра употреба на ресурсите и унапредување на енергетската ефикасност

Од вкупно реализираните проекти/активности во 2013 година 4,5 % се однесуваат на подобрата употреба на ресурсите и унапредувањето на енергетската ефикасност. Со нив се постигнати следниве резултати:

- Уредена е постапката заоснование, управување и работење со зелените зони, во кои ќе се применуваат напредни технологии кои штедат енергија и ги минимизираат негативните ефекти врз животната средина;
- Ратификуван е Протоколот за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина кон Конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст[21],

### 5. Користење на придобивкитеод единствениот дигитален пазар, за домаќинствата иделовните субјекти

Од вкупно реализираните проекти/активности во 2013 година 7 % се однесуваат на користењето на придобивките од единствениот дигитален пазар, задомаќинствата и деловните субјекти. Со проектите се постигнати следниве резултати:

- Дистрибуција и издавање на податоци од електронскиот катастарски шалтер за граѓаните и правните лица (издавање на имотен лист, лист за предбележување на градба и за времен објект како и евидентен лист за градба)од страна на 57-те општини кои потпишаа договори со Агенцијата за катастар на недвижности;
- Започнато е издавањето на одобрение за градење (единствено) по електронски пат, преку интернет портал од кој можат да се преземат сите потребни формулари за аплицирање во електронска форма, да се следат фазите во кои се наоѓа предметот, а по изградбата на објектот да се врши и електронски упис на градбата во катастарот за недвижности;
- Започнато е издавањето на Б-дозволи и одобрување елаборати од страна на општините по електронски пат, како и електронско водење на нивните регистри;

[21] Целта на Законот за ратификација на Протоколот е обезбедување на заштита на животната средина, вклучувајќи го и здравјето на луѓето, преку обезбедување дека аспектите на заштитата на животната средина, вклучувајќи ги здравствените аспекти, се целосно земени предвид во изготвувањето на плановите и програмите, политиките и законската регулатива; воспоставување на јасни, транспарентни и ефективни постапки за стратегиско оценување на влијанието врз животната средина; обезбедување на учество на јавноста во стратешкото оценување на животната средина; и интегрирање, на аспектите на заштитата на животната средина, вклучувајќи ги здравствените аспекти, во мерките и инструментите што се планираат за унапредување на одржливиот развој.

# IV. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ

Анализата на постигнатите резултати од реализираните активности покажува дека политиките кои се имплементирани во 2013 година делумно придонеле кон остварувањето на главната и специфицните цели на Програмата. Во таа насока може да се констатира дека големиот број на предизвици од Извештајот за спроведување на Програмата за 2012 година сеуште не се разрешени. Главните предизвице се прикажани групирани според поглавијата на Програмата, во следниве пет групи:

I. Правна и институционална рамка за пренесување на надлежности и ресурси
II. Фискална децентрализација
III. Подобра испорака на локалните услуги
IV. Развој на административните капацитети на ЕЛС и
V. Локална демократска пракса и учество на граѓаните во одлучувањето на локално ниво

## 1. Правна и институционална рамка за пренесување на надлежности и ресурси

- Прецизирање на одредбите за вршење на надлежностите на општините во: социјалната заштита и односот на општинската администација со центрите за социјална работа; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услугиво делот кој се однесува на селските гробишта; одговорноста на општината за штети од елементарни непогоди; безбедноста во сообраќајот; рамномерниот локален развој; противпожарната заштита која ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Усогласување на казнените одредби на Законот за управување со отпадот со тие во Законот за јавна чистота за прекршоците што се однесуваат на управување со отпад;
- Надминување на колизијата на законите со кои се регулира заштитата на културното наследство и оние за просторно и урбанистичко планирање, што им предизвикува проблеми на општините при реализација на деталните урбанистички планови;

## 2. Фискална децентрализација

- Надминување на проблемите со финансирањето на надлежностите на општините за противпожарна заштита, основното и средното образование, социјалната заштита, заштитата на старите лица, културата, спортот, безбедноста во сообраќајот, заштитата на животната средина и природата;

- Усогласување на висината на блок-дотациите за пренесените надлежности со порастот на трошоците за живот и стапка на инфлација и во согласност со планираните средства за оваа намена;
- Подобрување на распределбата на средствата за остварување на т.н. социјални услуги[22], кои се обезбедуваат од Буџетот на РМ, преку блок дотации, преку изготвување на општински методологии за распределба на добиените средства од блок-дотациите за пренесените надлежности и сл.;
- Наплатата на комуналните такси предвидени во Законот за комунални такси, кои не се наплатуваат од страна на општините;
- Наплата на такси и надоместоци само за услугте кои се обезбедени одопштините[23];
- Навремена и целосна уплатата на комуналната такса за улично осветлување од страна на ЕВН;
- Воспоставување на вертикална координација меѓу националниот и буџетите на локалните власти, заради постигнување на националните приоритети и избегнување на создавање дополнителни административни оптоварувања;
- Надминување на проблемите на општините со блокирани сметки заради што се оневозможени непречено да ги извршуваат основните функции,
- Решавање на прашањето на т.н. стари (наследени) долгови кај дел од општините;
- Зголемен број на склучени договори за здружување на финансиски средства и на договори за јавно-приватно партнерство заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите од страна на општините;
- Подобрување на транспарентноста и ефикасноста при постапувањето на општините во постапките за утврдување и наплата на даноците;

### 3. Испорака на локалните услуги

- Обезбедување еднаков пристап до квалитетни социјални услуги од страна на општините, особено на услугите во основното и средното образование, социјалната заштита, заштитата на децата, културата, спортот и здравствената заштита;
- Инвестирање во социјална инфраструктура и транзиција од институционални кон услуги базирани на заедницата[24];

---

[22] Образование, превентивна здравствена заштита, социјална заштита, заштита на децата и старите лица, културата

[23] Наплата на такса за улично осветлување за населени места во кои не е поставен систем за улично осветлување, наплата на надоместок за јавно зеленило и одржување на зелените површини, во населените места на општините во кои нема јавно зеленило и сл.

[24] Зголемување на бројот на јавни установи и други облици за обезбедување на услуги од областа на социјалната, и детската заштита (детски градинки, центри за ран детски развој, домови за сместување на стари и изнемоштени лица, центри за деца со посебни потреби, центри за деца на улица и др.)

- Усвојување на ефективни локални програми за социјална заштита од страна на општините (утврдување на целни групи, мерки, активности, определување на институции и организации за спроведување, лоцирање на потребни ресурси и финансиски средства);
- Вклучување на општините во активностите за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на нивното подрачје;
- Вклучување на општините во превенцијата на малолетничката деликвеницијa;
- Спречување на дискриминацијата и промовирање на еднаквите можности на локално ниво
- Еднаков пристап до квалитетни комунални услуги, особено на услугите за: снабдување со природен гас и топлинска енергија; одведување и третман на атмосферските води; одржување на јавната чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; јавно осветлување; одржување на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаците; одржување и користење на парковите, зеленилото, парк-шумите, и рекреативните површини; регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови;
- Реформирање на комуналните претпријатија заради обезбедување на поевтини и поквалитетни комунални услуги, достапни до сите граѓани, организирани на начин на кој се обезбедува високо ниво на правата на потрошувачите и корисниците;
- Подобрување на услугите за:
    - снабдување со топлинска енергија (начинот на пресметка на топлинската енергија преку еден мерач, квалитетот на испорачаната топлинска енергија, цената на надоместокот за испорачана топлинска енергија, обврската за плаќање на фиксниот дел за исклучените потрошувачи и др.)
    - снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води(начинот на пресметка на потрошената вода, неисправни водомери, нередовно и паушално читање на водомерите, незаконито приклучување на водоводната мрежа и др.),
    - собирање и транспортирање на комуналниот отпад (нередовно собирање на отпадот, начинот на наплата и др).
- Зголемена безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општините[25];

[25] Постои потреба од зголемување на безбедноста на сообраќајот на локално ниво преку: развој на јавниот превоз на патници на подрачјето на општината; промоција на предвозот со велосипеди; донесување на планови за безбедност во сообраќајот на територијата на општината; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржување на јавниот простор за паркирање; идентификација наопасните точки на патот од домот до училиштата; сообраќајна едукација на децата и младите и сл)

- Подобро вршење на надлежностите на општините во областа на заштитата на животната средина и природата, преку:
    - Подобро постапувањето со опасни материи од индустриските објекти на подрачјето на општините (усвојување на општински планови и преземање на други мерки од страна на општините);
    - Вклучување на општините во активна заштита на ресурсите на своето подрачје (прогласувањето на заштитени подрачја од страна на општините, како на пр. прогласување на т.н. чисти подрачја), преку соодветни планови за акција, со акцент врз мерките за заштита како и врз поширока промоција на природните убавини со кои располагаат;
    - Отстранување на дивите депонии;
    - Зголемена енергетската ефикасност[26] во транспортот, домувањето и јавната инфраструктура на локално ниво[27];
    - Зголемено користењето на обновливи извори на енергија на подрачје на општината
    - Подобар квалитет на амбиенталниот воздух, особено во урбаните средини
    - Преземање мерки за заштита од бучава
- Воедначен пристап и квалитет на услугите кои ги обезбедуваат територијалните противпожарни единици, како основна организациона форма за противпожарна заштита и заштита и спасување на локално ниво.
- Зајакната улога на општините, како фактори на културен развој преку натамошно пренесување на културните институции од локално значење, и обезбедување на одржливо финансирање на културата како предуслов за креирање и за реализирање на локалните културни политики[28];
- Воспоставени локални развојни совети во сите општини/функционални региони[29];
- Подобри локални политики преку кои:
    - се охрабруваат луѓето од сите возрасти да стекнат нови вештини, да се прилагодат на променливиот пазар на труд и да направат успешна промена на кариерата[30];
    - се намалува стапката на младинска невработеност и се подобрува влезот на младите луѓето на пазарот на трудот

[26] Повеќето обврски кои за општините произлегуваат прописите за ЕЕ не се исполнети. Програмите за енергетска ефикасност во многу мал процент се завршени.

[27] Објектите во кои се сместени детските градинки, домовите за стари лица, територијалните противпожарни единици, основните и средните училишта, локалните установи од областа на културата, објектите за масовен спорт и рекреација, месните заедници

[28] Досега се пренесени на општините 49 установи од кои, 28 се домови на културата и установи регистрирани за сценско-уметничката дејност, 13 се библиотеки, 6 се музеи и2 се зоолошки градини

[29] Советите треба да бидат составени од претставници на приватниот сектор, локалните власти, научната заедница, и агенциите за поддршка на МСП

[30] Преку превземањето на отворените граѓански универзитети, како институции кои обезбедуваат образование за возрасни на локално ниво од страна на општините и преку други мерки

  - се интегрираат мигрантите и маргинлизираните групи преку образованието
- Зголемен број на општини кои го поддржуваат создавањето на одржливи и автентични индустрии и услуги
- Развој на smart (паметни) градовии/функционални региони, преку зголемување на бројот на воспоставени партнерства на општините/функционалните региони, со високо образовните институции и бизнис-заедницата, заради осмислување на концептот на smart градови и функционални региони;
- Воспоставување и развој на индустриските - зелените зони од страна на општините;
- Зголемен број на истражувања кои се фокусирани врз предностите на општините/функционалните региони,
- Зголемен број на локални мрежи на институции и агенции и специфични кластери, во функција на локалниот економски развој;
- Користење на природното, културното и пејзажното наследство на подрачјето на општината за економски развој, преку развој на туризмот
- Зголемена свесноста за значењето и улогата на иновациите во креирањето на нови иновативни начини за обезбедување/испорака на локалните услуги;
- Развој на општините во „точки за единствен контакт", кои треба да функционираат како целосно овластени центри за обезбедување на е-услуги за граѓаните и деловните субјекти.

## 4. Административни капацитети на единиците на локалната самоуправа

- Развој на стручна, професионална, ефикасна и сервисно ориентирана државна и јавна служба на локално ниво
- Воспоставена евиденција за бројот и структурата на државните и јавните службеници во општините;
- Отстранување на незаконитото постапувања при примена назаконските одредби за:
  - вработување, оценување, распоредување и престанок на работниот однос на вработените во општинската администрација,
  - именувањето и разрешувањето на директорите во јавните установи и јавните претпријатија[31]
- Зголемена ефикасност на постапувањето по барањата за легализација на бесправно изградените објекти, во дел од општините, со што би се зголемил процентот на решени предмети;

[31] Предвремено прекинување на мандатот на дел од директорите именувани од претходните градоначалници.

- Зголемена ефикасност во постапувањето на овластените општинските инспектори за животна средина по пријавите од граѓаните поврзани со загадување и деградација на животната средина (депонирање на комунален и градежен смет на диви депонии лоцирани во непосредна близина на живеалишта или покрај водотеците; зголеменото ниво на бучава предизвикано од гласната музика од угостителските објекти или од дејности вршени од самостојни занаетчии или правни лица; несоодветно чување на добиток и живина, или нивно чување во приградски населби; испуштање на чад од угостителски објекти, загадувањето на воздухот од индустриските објекти, од палењето на ѓубрето во „градските“ депонии и сл.);
- Зголемена ефикасност напостапувањето на овластените општински градежни инспектори (преку навремено доставување на повратно писмено известени за исходот од извршениот надзор, навремено преземање на мерки и дејства за веќе постоечки градби кои го попречуваат владението на имотот на сопствениците, редовно присуство на терен и сл.);
- Подобра кадровска екипираност на руралните општини, особено за работите од областите: заштита на животната средина; социјалната заштита; постапување по барањата за легализација на дивоградбите и административно извршување на решенијата за отстранување на градби кои не се опфатени со легализација; образованието на децата со посебни потреби; сместување на учениците во ученички домови; локални инспекторати за домување; училиштата и детските градинки, користење на ИТ; и противпожарна заштита;
- Редовна и навремена изработката на стручните анализи на просторните и урбанистичките планови на општините, со која се утврдува потребата од нивна измена и дополнување, ревидирање и слично;
- Воспоставување на систем за мерење и следење на испораката на одделни јавни услуги кои ги обезбедуваат општините;
- Зголемени капацитети на општинската администрација и на избраните лица за:
  - спроведување на ефективни политики за поддршка на индустриски и иновативни кластери, поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста,
  - зајакнување на зелениот раст
  - обезбедување на траспаретноста, отчетноста и информирањето на граѓаните за работата на органите на општината и на општинската администрација

## 5. Демократија и учеството на граѓаните во одлучувањето на локално ниво

- Воспоставени механизми за интегрирано планирање на локалниот развој, како пристап што ги вклучува институциите и актерите на двете нивоа на власт, (национални и локални)и ја олеснува изводливоста на тие политики на локално ниво (развој воден од заедницата);

- Искористување на постојните механизми за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето за прашања од локално значење[32];
- Воведени процедури за т.н. „партиципативно буџетирање“ на локално ниво, со што би се обезбедило поголемо (непосредно) учество на граѓаните за давање на предлози и „преговарање“ околу распределбата на јавните средства, како и за информирање околу трошењето на јавните пари на локално ниво;
- Подобро функционирање на т.н. партиципативни тела, кои се овластени да ги пренесуваат ставовите, мислењата и потребите на граѓаните, во постапките за донесување на деталните урбанистички планови од страна на општините;
- Подобро функционирање на двете консултативни тела на советите:
    - Комисиите за односи меѓу заедниците (формирана во сите општини кои имаат должност да го сторат тоа), и
    - Советот на потрошувачи (формиран само во половина од општините)
- Редовно и транспарентно информирање на граѓаните (особено за прашања поврзани со испораката на услугите кои ги обезбедува општината, нивните права од социјална заштита и вработувањето, обврските при остварување на правото на легализација на дивоградби, и слично);
- Искористување на можностите на ИКТ за обезбедување на навремени информации за планирање на развојот и извршување на услугите за граѓаните и деловните субјекти (е-транспарентност, е-демократија);
- Подобрена дигитална писменост и вештини за употреба на ИКТ и интернет, особено за ранливите групи
- Подигната еколошката свест кај граѓаните за важноста на животната средина која директно влијае врз нивното здравје, а и врз околната животна средина;
- Подигната јавната свест кај граѓаните за проблемите поврзани со климатските промени со цел да се зголеми адаптивниот капацитет на локалното население и локалното стопанство, а особено во секторите земјоделството и сточарство, биолошката разновидност, шумарство, здравство, туризам, културно наследство, водни ресурси и социо-економски развој.

[32] Граѓански иницијативи, собири на граѓаните и референдуми.